РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЧАШКА

**Адреса:**

“Илинденска” 8
1413
населба Чашка

**тел:**

+389 (0) 43 241 400

**Факс:**

+389 (0) 43 241 343

**е-пошта:**

opstina@caska.gov.mk

**Градоначалник:**

Стојан Маневски

**Советник за локален економски развој:**

Маја Анастасовска

**Советник - комунален инспектор и одговорен за општинскиот имот:**

Марјан Јовановски

**Советник - архитект за урбанистичко планирање:**

Емилија Спировска

**Волонтер на Мировен корпус и уредник на Бизнис гласник:**

Ванеса Граунд

# Бизнис гласник

**Број 8** **31 Август 2008**

## Дванаесет години постоење на Општина Чашка

На 21.08.2008 година, со свечена програма беше одбележан денот на Оп штина Чашка.

Изминатите 12 години, и покрај сите тешкотии, со можностите и капацитетите кои ни беа на располагање, позитивните резултати од нашите залагања веќе стануваат видливи. Експанзијата на развојот на инфраструктурата на подрачјето на општината преку заложбите за имплементација со подршка на странски и домашни фондации и донатори резултира со реализација на голем број на проекти на локално ниво.

Позначајни реализирани проекти во изминатиот период се:

- изградба на **водоводна мрежа** во селата Теово, Извор, Мокрени, населба Чашка, Согле, Стари Град и Врановски Анови;

- изградба на **фекални и атмосферски канализации** во Богомила, Теово и Извор, как и изградба на пречистители станици во Теово и болницата Јасеново;

- изградба и реконструкција на **локални патишта и улици** во должина од 12,5 км во скоро сите населени места;

- изградба и санирaнација на **мостовите** кај с.Нежилово, Раковец, Голозинци и Бањица;

Покрај ова, уредено е речното корито на реката Сушица во Богомила, а направени се потпорни зидови во Нежилово и Ореше. Дислоцирана е старата депонија, а во моментот се врши уредување на овој простор. При уредување на просторот партерно е уреден просторот кај железничката станица, поставена е урбана опрема и изградена е фонтана во центарот на Чашка.

Паралелно со градежните активности, се превземаат и активности поврзани со урбанизацијата на просторот. Општината постепено се движи во насока кон изготвување на потребната планска документација, што е основа за понатамо шниот развој и привлекување на потенцијалните инвеститори.

Во областа на културните манифестации годинава за првпат одржана е детската ликовна колонија, а на нашиве простори, веќе традиционално, се одржува и Саем за здрава храна.

Свесни сме дека сеуште има многу нерешени проблеми, но општината паралелно со ова мора да се справува и со наследените долгови направени како од оваа општина така и од поранешните општини Извор и Богомила.

Со наше големо залагање во овој релативно краток период успеавме да вратиме голем дел од овие наследени долгови во висина од 18.368.567,оо денари, а останата ни е обврската за отплата на уште 5.318.075,оо ден, кои се надеваме да ги исплатиме во најскоро време.

Но нашите залагања и активности сигурно нема да запрат овде. Општината со сите свои сили и можности ќе продолжи да работи и ќе се залага да општина Чашка биде пристојно и атрактивно место за живеење.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ЧАШКА**

**Извадок од Профилот на Општина Чашка:**

На територијата на Општина Чашка вкупно 248,12 км2 од земјиштето е искористено за паси шта. Пасиштата на целиот простор му даваат пасторално обележје, со застапеност на повеќе видови на тревни заедници, различни по својот состав и квалитет.

**www.caska.gov.mk**

**Дали знаете дека...**

Областа на горна Тополка, била наречена Ќумурџи дол – за време на Турците, па се до Втората светска војна, имало масовно уништување на шумската покривка заради добивање на пасишта, како и заради затоплување на просториите со мангали. Од таму се изработувал најквалитетен ќумур.

## Од свечената програма

Одбележувањето започна со крводарителска акција, при што, во соработка со Црвениот Крст и Заводот за трансфузиологија во ООУ "Тодор Јанев"  од Чашка крв даруваа 48 лица од населба Чашка. Паралелно со оваа акција во Клубот за стари лица се одржуваше шаховски натпревар. Во конкуренција од тринаесетина лица првото место го освои Ристе Тодоровски од Чашка, а второто место му припадна на Ангел Трајковски. За победниците беа обезбедени скромни награди.

Од 09:00 до 18:00 часот граѓаните имаа можност во просториите на ООУ "Тодор Јанев" - Чашка да ја посетат изложбата на слики од детската ликовна колонија **"**ЧАШКА 2008**"**.

Централната манифестација се одвиваше на плоштадот во населба Чашка и започна во 19:30 часот со театарската претстава "ЧОРБАЏИ ТЕОДОС**",** во изведба на учениците од ООУ "Тодор Јанев"-Чашка. Во продолжение следеше настапот на Културно-уметничките друштва КУД Тодор Јанев  од населба Чашка и КУД Коле Неделковски од Велес.

## Презентиран проектот - АгБиз програма од страна на УСАИД

На 04.09.2008 година (четврток) од страна на преставниците од УСАИД пред бизнис секторот од општина Чашка беше презентирана новата програма АгБиз.

Целта на АгБиз е да го зголеми економскиот раст во Македонија преку проширено и еколошки одржливо производство и продажбана земјоделски производи, оспособувајќи ги производителите и преработувачите да се конкурентни на регионално и глобално ниво. Со тоа ќе се овозможат поголеми приходи за преработувачите и производителите, а конечно и поголеми даночни приходи за општината.



Оваа програма го поддржува бизнис-секторот во областа на:

- вино во шишиња
- шумски производи ( диворастечки печурки и бобинки)
- трпезно грозје
- преработен и свеж зеленчук

Програмата АгБиз нуди повеќе видово поддршка и тоа:

Техничка помош, обуки, маркетиншки активности, работилници и конференции, помош во поврзувањето на производителите, преработувачите продавачите и здруженијата на трговците, како и помош при пристап до финансиски средства.

УСАИД во сите облици на подршка обезбедува 50% неповратна финансиска помош.